# АДИНГПОКС 1БП

*Двокомпонентен епоксиден премаз за завршна заштитна и декоративна обработка на подни бетонски површини изложени на механички и хемиски влијанија*
*Одговара на EN 1504-2: 1.3(C); 2.2(C); 5.1(C); 6.1(C); 8.2(C)*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Епоксиден премаз за завршна заштитна и декоративна обработка на бетонски подни површини во: магацини, гаражи, паркиралишта, прехрамбени производни погони, болници, училишта, трговски центри, и сл. Препорачлив е како завршна обработка кај конструкции, кои се во директен контакт со храна, простории каде се бараат високи стандарди за хигиена, во услови на хемиски агресии, зголемена отпорност на абење и сл. Подот овозможува одлична естетска завршна обработка, а со помош на кварцни полнила, посипи со разни гранулации се постигнува различен степен против пролизгување.
Адингпокс 1БП се користи и како дел од хидроизолационоит систем за мостовски конструкции во комбинација со кварцен песок и битуменски траки.
При долготрајна изложеност на UV зрачење можна е промена на бојата на премазот.

## СВОЈСТВА

- одлична атхезија;
- одлична абразивна отпорност;
- одлична механичка отпорност;
- одлична отпорност на разредени киселини, бази, раствори на соли и минерални масла;
- водонепропусен;
- нетоксичен во врзана состојба;
- бактериолошки отпорен;
- декоративен - можност за изработка во повеќе бои;
- едноставен за изведба;
- лесен за одржување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоена пастозна смеса |
| Однос на мешање | - | 6,4:1,0 |
| Густина | EN ISO 2811-1 | А компонента - 1,65-1,75g/cm³<br>Б компонента - 1,00-1,05g/cm³ |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2,0MPa |
| Капиларна апсорпција и пропустливост на вода | EN 1062-3 | $w<0,1kg/m^2h^{1/2}$ |
| Абразивна отпорност | EN ISO 5470-1 | < 3000mg |
| Отпорност на удар | EN ISO 6272-1 | класа I ≥4Nm |
| Отпоност на силна хемиска агресија (бензин, дизел, , моторно масло, 10%$CH_3COOH$, 20%$H_2SO_4$, 20%NaOH, 20%NaCl) | EN 13529 | класа II, намалување на цврстината ≤ 50% |
| UV стабилност | | нестабилен |



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk

ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАВРШНА ОБРАБОТКА НА ПОДОВИ

| | | |
|---|---|---|
| Време на употребливост (pot life) на температура од 20°C | EN ISO 9514 | 70-90min |
| Отворено време за работа (обработка) на материјал при вградување, на температура од 20°C | | 30-45min |
| Време на врзување на 25°C | - | 5h |
| Време помеѓу прв и втор слој на 25°C | - | 24h |
| Shore D - Цврстина на 7 дена, на 25°C | EN ISO 868 | 60-70 |
| Shore D - Цврстина на 14 дена, на 25°C | EN ISO 868 | 70-80 |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 5-35˚C |
| Релативна влажност за воздухот | - | < 70% |
| Механичка употреба за лесен промет на температура од 20˚C | - | по 3 дена |
| Механичка употреба за тежок промет на температура од 20˚C | - | по 7 дена |
| Хемиска употреба (вклучувајќи и контакт со вода), на 20°C | - | по 14 дена |
| Температурна стабилност при експлотација | - | од -20°C до +70°C |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да е здрава, сува, чиста, обезмастена, без прашина и конензат. Кај индустриските подови подлогата мора да биде хидроизолирана, поради неотпорноста на епоксидните обработки на негативен хидростатски притисок. Влажноста на подлогата треба да биде помала од 7%, а температурата при вградување од 5-35°C. Релативната влажност на воздухот при вградување потребно е да биде помала од 70%, со цел да се избегне кондензација на површината за обработка. Доколку не се почитува ова ограничување може да настане нерамномерна промена на бојата на премазот, матирање или појава на дамки, но физичките и хемиските својства на материјалот ќе останат непроменети.

Нова бетонска подлога

Бетонот треба да биде стар најмалку 28 дена, да има минимална јакост на притисок од 25MPa и да не содржи поголема влажност од 7%. Доколку на конструкцијата има остатоци од цементно млеко, малтер, флеки од боја и масло, тие треба да се отстранат. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.

Стара бетонска подлога

Здрава и чиста подлога се главни предуслови за постигнување одлична атхезија. Како и кај новата бетонска подлога, отстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрираните масноти и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или специјални препарати за таа намена. Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користејки соодветни материјали.

Стара епоксидна подлога

Обработката е со нежно површинско орапавување на површината со шмиргла и обеспрашување на подлогата.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Се препорачува нанесување на предпремаз Адингпокс 1П или Адингпокс 1ПВ (кај подлоги со зголемена влажност). Предпремазот се нанесува со крзнен валјак.

Пред замешување на Адингпокс 1БП, потребно е А компонентата да се промеша 2-3 минути со електричен бавен мешач (до 400 вртежи/min), по што се додава Б компонетата и се меша до потполно воедначување. Изведбата на епоксидната обработка треба да биде во согласност со отвореното време за работа, односно во период од 30-45 min. по замешување на компонентите.

Вградувањето се изведува со четка, ваљак или со распрскување, во два слоја. Нанесувањето на вториот слој е на потполно цврст претходен слој, најрано 24h по вградувањето на претходниот, на температура од 20°C. Дебелината на еден слој од премазот се препорачува да биде од 200-250μm. Температурата на подлогата треба да биде од 5°C до 35°C, а влажноста помала од 7%.


АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

Адингпокс 1П: 0.20-0.30 kg/m²
Адингпокс 1БП, за еден слој: 0,30-0,40 kg/m²
Адингпокс 1БП, за два слоја: 0,50-0,60 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Ратворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во сет А+Б: 5,2 kg
А компонента: 4,5 kg
Б компонента: 0,7 kg

Во сет А+Б: 24,3 kg
А компонента: 21 kg
Б компонента: 3,3 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-35°C, заштитен од директно сонце и замрзнување. Рок на употреба: 9 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

RAL1001, RAL1015, RAL3012, RAL5024, RAL6019, RAL6021, RAL7004, RAL7032, RAL7035, RAL7045, RAL9002.
Забелешка: Останатите бои од RAL картата можат да се изработат при минимална порачка од 90kg.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE

2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

17

GOAB0XX/6

EN 1504-2:2004

**АДИНГПОКС 1БП**
Епоксиден премаз за површинска заштита на бетон, за зголемена физичка и хемиска отпорност на бетонски подни површини

| | |
|---|---|
| Атхезивна јакост со pull-off тест | **≥ 2,0 $N/mm^2$** |
| Капиларна апсорпција | **$w < 0.1\ kg/m^2 \cdot h^{0.5}$** |
| Отпорност на абразија | **< 3000 mg** |
| Отпорност на удар | **Класа I ≥ 4 Nm**<br>**Без појава на пукнатини и деламинација** |
| Отпорност на силно хемиско влијание | **Класа II: 28 дена без притисок**<br>**≤ 50% намалување на Шор цврстина по третман во тест-течности: бензин; дизел и моторно масло;**<br>**10% $CH_3COOH$; 20% $H_2SO_4$; 20% NaOH; 20% NaCl** |
| Реакција на пожар | **Евроокласа F** |
| Опасни супстанции | **Својството не е определено** |

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Производот не е запалив .
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс 1БП се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk